25. IX. 1989
4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 15 септември 1989
Скопје
Број 34 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 6.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**608.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 50/88), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица во износ од 4.585.000.000 динари, на собранијата на следниве општини:

| | |
|---|---|
| — Кичево | 1.310.000.000 динари |
| — Кратово | 325.000.000 динари |
| — Прилеп | 2.000.000.000 динари |
| — Ресен | 950.000.000 динари |

2. Позајмицата од точка 1 на оваа одлука општините ќе ја вратат најдоцна до 15 декември 1989 година.

3. За користењето и враќањето на позајмицата ќе се склучи договор помеѓу општините и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1844/1
8 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**609.**

Врз основа на член 16 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 50/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Од средствата предвидени со Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 50/88, 28/89 и 29/89) во Раздел 65, позиција 581 за учество на Републиката за обезбедување на вода за пиење, се распоредува износ од 2.000.000.000 дин. и тоа за:

| | |
|---|---|
| — Општина Битола | 210.000.000 динари |
| — Општина Гевгелија | 180.000.000 динари |
| — Општина Демир Хисар | 300.000.000 динари |
| — Општина Крива Паланка | 300.000.000 динари |
| — Општина Крушево | 500.000.000 динари |
| — Општина Куманово | 180.000.000 динари |
| — Општина Радовиш | 180.000.000 динари |
| — Општина Штип | 150.000.000 динари |

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се користат за учество на Републиката во висина од 50% од средствата што ги обезбедува општината за таа намена.

Средствата од став 1 на оваа точка ќе се користат без обврска за враќање.

3. За спроведувањето на оваа одлука ќе се грижи Републичкиот секретаријат за финансии, а за начинот, динамиката и наменското користење на средствата Републичкиот секретаријат за финансии ќе склучи договори со општините.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1803/1
8 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**610.**

Врз основа на член 39 од Законот за системот на финансирање на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 28/88, 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ УТВРДЕНИ СО РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ" број 50/88 и 28/89), се вршат следниве измени на распоредот на средствата за посебни намени:

1. Во Раздел 1 — Претседателство на Социјалистичка Република Македонија, позиција 4, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „55.440.000" се заменува со износот „201.390.000".

2. Во Раздел 2 — Собрание на Социјалистичка Република Македонија, позиција 13, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „275.880.000" се заменува со износот „949.400.000".

3. Во Раздел 3 — Совет на Републиката, позиција 27, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „1.323.000" се заменува со износот „4.795.000".

4. Во Раздел 4 — Уставен суд на Македонија, позиција 34, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „40.920.000" се заменува со износот „148.645.000".

5. Во Раздел 5 — Извршен совет на Собранието на СР Македонија, позиција 43, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „151.800.000" се заменува со износот „455.525.000".

6. Во Раздел 6 — Управа за заеднички работи во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, позиција 54, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „698.280.000" се заменува со износот „2.531.760.000".

7. Во Раздел 7 — Секретаријат за законодавство, позиција 67, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „18.480.000", се заменува со износот „67.130.000".

8. Во Раздел 8 — Секретаријат за информации, позиција 73, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „17.160.000" се заменува со износот „672.325.000".

9. Во Раздел 9 — Секретаријат за кадровски прашања, позиција 84, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „21.120.000" се заменува со износот „86.310.000".

10. Во Раздел 10 — Биро за претставки и предлози, позиција 92, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „11.880.000" се заменува со износот „38.360.000".

11. Во Раздел 11 — Републички секретаријат за народна одбрана позиција 97, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „139.920 000" се заменува со износот „493.885.000", и во позиција 101, конто 420 — Посебни намени, износот „1.000.000.000" се заменува со износот „1.500.000.000".

12. Во Раздел 12 — Републички секретаријат за внатрешни работи, позиција 102, конто 400 — Лични доходи и заедничка потрошувачка на работниците во работната заедница, износот „37.579.528.000" се заменува со износот „42.667.069.000"; во позиција 103, конто 400 — Лични доходи и заедничка потрошувачка и материјални трошоци во општините, износот „103.153.780.000" се заменува со износот „116.180.144.000" во позиција 104 конто 400, — Трошоци на центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита, износот „4.200.000.000" се заменува со износот „4.636.975.000"; во позиција 107, конто 410 — Лични доходи и заедничка потрошувачка на функционерите и раководните работници, износот „1.213.029.000" се заменува со износот „1.268.441.000".

13. Во Раздел 13 — Републички секретаријат за правосудство и управа, позиција 116, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „38.280.000" се заменува со износот „124.670.000".

14. Во Раздел 14 — Републички секретаријат за финансии, позиција 128, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „73.920.000" се заменува со износот „263.725.000".

15. Во Раздел 15 — Републички секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар, позиција 135, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „48.840.000" се заменува со износот „172.620.000".

16. Во Раздел 16 — Дирекција за републички стоковни резерви позиција 144, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „15.840.000" се заменува со износот „57.540.000".

17. Во Раздел 17 — Републички секретаријат за односи со странство — позиција 151, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „84.480.000" се заменува со износот „297.290.000".

18. Во Раздел 18 — Републички комитет за индустрија и енергетика, позиција 164, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „44.880.000" се заменува со износот „153.440.000".

19. Во Раздел 19 — Републички комитет за урбанизам, градежништво, сообраќај и заштита на човековата околина, позиција 171, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „51.480.000" се заменува со износот „220.570.000".

20. Во Раздел 20 — Сеизмолошка опсерваторија, позиција 186, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „19.800.000" се заменува со износот „71.925.000".

21. Во Раздел 21 — Републички комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство — позиција 191, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „52.800.000 се заменува со износот „187.005.000".

22. Во Раздел 22 — Републички комитет за труд, здравство и социјална политика, позиција 199, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „52.800.000" се заменува со износот „254.135.000".

23. Во Раздел 23 — Републички комитет за образование, култура и физичка култура, позиција 219, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „68.640.000" се заменува со износот „182.210.000".

24. Во Раздел 24 — Републичка комисија за културни врски со странство, позиција 229, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „22.440.000" се заменува со износот „81.585.000".

25. Во Раздел 25 — Републички комитет за наука, технолошки развој и информатика, позиција 236, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „21.120.000" се заменува со износот „76.720.000".

26. Во Раздел 26 — Републички завод за меѓународна научно-техничка соработка, позиција 246, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „18.480.000" се заменува со износот „67.130.000".

27. Во Раздел 27 — Републички завод за општествено планирање, позиција 253, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „58.080.000" се заменува со износот „210 980.000".

28. Во Раздел 28 — Републичка комисија за односи со верските заедници, позиција 261, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „6.600.000" се заменува со износот „23.975 000".

29. Во Раздел 29 — Републичка геодетска управа, позиција 268, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „59.400.000" се заменува со износот „230.160.000".

30. Во Раздел 30 — Републички завод за статистика, позиција 276, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „213.840 000" се заменува со износот „786.380.000".

31. Во Раздел 31 — Републички хидрометеоролошки завод позиција 291, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „207.240.000" се заменува со износот „805.560.000".

32. Во Раздел 32 — Републички завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот, позиција 303, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „66.000.000" се заменува со износот „239.750 000".

33. Во Раздел 33 — Архив на Македонија, позиција 311, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „88.440.000" се заменува со износот „350.035.000".

34. Во Раздел 34 — Републички штаб за територијална одбрана, позиција 322, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „154 440.000" се заменува со износот „853.510.000".

35. Во Раздел 35 — Македонска академија на науките и уметностите, позиција 327, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „80.520.000" се заменува со износот „297.290.000".

36. Во Раздел 36 — Матица на иселениците на Македонија, позиција 336, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „21.120.000" се заменува со износот „76.720.000".

37. Во Раздел 37 — Врховен суд на Македонија, позиција 345, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „71.280.000" се заменува со износот „259.930.000".

38. Во Раздел 38 — Републички општествен правобранител на самоуправувањето, позиција 353, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „15.840.000" се заменува со износот „62.335.000".

39. Во Раздел 39 — Стопански суд на Македонија, позиција 360, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „25.080.000" се заменува со износот „91.105.000".

40. Во Раздел 40 — Јавно обвинителство на Македонија, позиција 367, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „26.400.000" се заменува со износот „95.900.000".

41. Во Раздел 41 — Јавно правобранителство на Македонија, позиција 373, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „14 520.000" се заменува со износот „252.745.000".

42. Во Раздел 42 — Републички суд за прекршоци, позиција 180, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „36.960.000" се заменува со износот „134.260.000".

43. Во Раздел 43 — Окружен суд — Битола, позиција 386, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „68.640.000" се заменува со износот „249.340.000".

44. Во Раздел 44 — Окружен суд — Скопје, позиција 395, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „145.200.000" се заменува со износот „546.630.000".

44/1 Во Раздел 44/1 — Управа за судска зграда, позиција 403, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „56.760.000“ се заменува со износот „206.185.000“.

45. Во Раздел 45 — Окружен суд — Штип, позиција 408, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „51.480.000“ се заменува со износот „187.005 000“.

46. Во Раздел 46 — Окружен стопански суд — Битола, позиција 417, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „43.560.000“ се заменува со износот „158.235.000“.

47. Во Раздел 47 — Окружен стопански суд — Скопје позиција 424, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „191.400.000“ се заменува со износот „695.275.000“.

48. Во Раздел 48 — Окружен суд — Штип, позиција 431, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „31.680.000“ се заменува со износот „153.440.000“.

49. Во Раздел 49 — Окружно јавно обвинителство — Битола, позиција 438, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „23.800.000“ се заменува со износот „86.310.000“.

50. Во Раздел 50 — Окружно јавно обвинителство — Скопје, позиција 445, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „54.120.000“ се заменува со износот „196.595.000“.

51. Во Раздел 51 — Окружно јавно обвинителство — Штип, позиција 452, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „17.160.000“ се заменува со износот „62.335.000“.

52. Во Раздел 52 — Суд на здружен труд на Македонија, позиција 459, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „52.800.000“ се заменува со износот „191.800.000“.

53. Во Раздел 53 — Основен суд на здружен труд — Битола, позиција 467, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „31 680.000“ се заменува со износот „115.080.000“.

54. Во Раздел 54 — Основен суд на здружен труд — Скопје, позиција 474, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „81.840.000“ се заменува со износот „335.650.000“.

55. Во Раздел 55 — Основен суд на здружен труд — Штип, позиција 481, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „25.040.000“ се заменува со износот „105.490.000“.

56. Во Раздел 56 — Казнено-поправен дом — Идризово, позиција 488, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „186.120.000“ се заменува со износот „680.890.000“.

57. Во Раздел 57 — Воспитно-поправен дом — Тетово, позиција 496, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „55.440.000“ се заменува со износот „201.390.000“.

58. Во Раздел 58 — Казнено-поправен дом од отворен вид — Струга, позиција 505, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „15.840.000“ се заменува со износот „233.565 000“.

59. Во Раздел 59 — Републичка конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, позиција 513, конто 401/1 Општествена исхрана, износот „76.560.000“ се заменува со износот „268.520.000“.

60. Во Раздел 60 — Републичка конференција на Сојузот на социјалистичката младина, позиција 522, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „42.240.000“ се заменува со износот „153.440.000“.

61. Во Раздел 61 — Републички одбор на Сојузот на здруженијата на борците на НОВ, позиција 541, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „18.480.000“ се заменува со износот „57.540.000“.

62. Во Раздел 62 — Републичка конференција на Сојузот на резервните воени старешини, позиција 549, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „7.920.000“ се заменува со износот „28.770.000“.

63. Во Раздел 63 — Републички фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, позиција 558, конто 401/1 — Општествена исхрана, износот „7.920.000“ се заменува со износот „52.745.000“.

64. Во Раздел 64 — Други обврски на Републиката, позиција 575, конто 433, — Средства за отплата на кредити, износот „8.000.000.000“ се заменува со износот „11.000.000.000“.

65. Во Раздел 65 — Средства за финансирање на други општествено-политички заедници, позиција 596, конто 440 — Придонес за Буџетот на Федерацијата, износот „630.490.000.000“ се заменува со износот „596.278.573.000“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1833/1
8 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**611.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ број 43/81 и 20/88), а во врска со точка 4.8. од Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Делот од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година распореден во Раздел 65, позиција 587 — Регрес на основни земјоделски производи, во износ од 3.661.950.000 динари, да се користи за компензација на учебниците на децата од основното и средното насочено образование на одделни категории од населението во потешка социјална положба.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се пренесуваат на:

| | | |
|---|---|---|
| 2. 1. | Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија | 153.750.000 дин. |
| 2. 2. | Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита | 494.100.000 дин |
| 2. 3. | Републичката управа за прашања на борците и воените инвалиди | 14.400.000 дин. |
| 2. 4. | Извршниот совет на Собранието на општината Гази Баба | 174.600.000 дин. |
| 2. 5. | Извршниот совет на Собранието на општината Карпош | 99.000.000 дин. |
| 2. 6. | Извршниот совет на Собранието на општината Кисела Вода | 25.350.000 дин. |
| 2. 7. | Извршниот совет на Собранието на општината Чаир | 11.100.000 дин. |
| 2. 8. | Извршниот совет на Собранието на општината Центар | 74.850.000 дин |
| 2 9. | Извршниот совет на Собранието на општината Гостивар | 59.700.000 дин. |
| 2.10. | Извршниот совет на Собранието на општината Дебар | 150.450.000 дин. |
| 2.11. | Извршниот совет на Собранието на општината Делчево | 47.850.000 дин |
| 2.12. | Извршниот совет на Собранието на општината Демир Хисар | 6.750.000 дин. |
| 2.13. | Извршниот совет на Собранието на општината Кавадарци | 199.350.000 дин. |
| 2.14. | Извршниот совет на Собранието на општината Кичево | 142.350.000 дин. |
| 2.15. | Извршниот совет на Собранието на општината Кочани | 172.200.000 дин. |
| 2.16. | Извршниот совет на Собранието на општината Кратово | 2.850.000 дин. |
| 2.17. | Извршниот совет на Собранието на општината Куманово | 190.800.000 дин |

| | | |
|---|---|---|
| 2.18. | Извршниот совет на Собранието на општината Неготино | 25.500.000 дин. |
| 2.19. | Извршниот совет на Собранието на општината Прилеп | 4.200.000 дин. |
| 2.20. | Извршниот совет на Собранието на општината Ресен | 450.000 дин. |
| 2.21. | Извршниот совет на Собранието на општината Струмица | 73.500.000 дин. |
| 2.22. | Извршниот совет на Собранието на општината Струга | 12.900.000 дин. |
| 2.23. | Извршниот совет на Собранието на општината Тетово | 52.500.000 дин. |
| 2.24. | Извршниот совет на Собранието на општината Титов Велес | 52.650.000 дин. |
| 2.25. | Извршниот совет на Собранието на општината Штип | 19.650.000 дин. |
| 2.26. | Здружената самоуправна интересна заедница за вработување на град Скопје | 427.500.000 дин. |
| 2.27. | Заедницата за вработување — Берово | 11.400.000 дин. |
| 2.28. | Заедницата за вработување — Битола | 90.750.000 дин. |
| 2.29. | Заедницата за вработување — Виница | 18.750.000 дин. |
| 2.30. | Заедницата за вработување — Гостивар | 89.250.000 дин |
| 2.31. | Заедницата за вработување — Дебар | 16.500.000 дин. |
| 2.32. | Заедницата за вработување — Делчево | 18.000.000 дин. |
| 2.33. | Заедницата за вработување — Кавадарци | 132.300.000 дин. |
| 2.34. | Заедницата за вработување — Кичево | 7.650.000 дин. |
| 2.35. | Заедницата за вработување — Кочани | 27.750.000 дин. |
| 2.36. | Заедницата за вработување — Крушево | 12.900.000 дин. |
| 2.37. | Заедницата за вработување — Куманово | 105.000.000 дин. |
| 2.38. | Заедницата за вработување — Охрид | 5.700.000 дин. |
| 2.39. | Заедницата за вработување — Прилеп | 112.500.000 дин. |
| 2.40. | Заедницата за вработување — Радовиш | 131.250.000 дин |
| 2.41. | Заедницата за вработување — Ресен | 1.350.000 дин. |
| 2.42. | Заедницата за вработување — Свети Николе | 7.500.000 дин. |
| 2.43. | Заедницата за вработување — Струга | 2.100.000 дин. |
| 2.44. | Заедницата за вработување — Струмица | 43.800.000 дин. |
| 2.45. | Заедницата за вработување — Тетово | 19.650.000 дин. |
| 2.46. | Заедницата за вработување — Титов Велес | 7.500.000 дин |
| 2.47. | Заедницата за вработување — Штип | 39.750.000 дин. |
| 2.48. | Извршниот совет на Собранието на општината Охрид | 8.100.000дин. |
| 2.49. | Извршниот совет на Собранието на општината Крива Паланка | 17.550.000 дин. |
| 2.50. | Извршниот совет на Собранието на општината Битола | 9.150.000 дин |
| 2.51. | Заедницата за вработување — Кратово | 6.750.000 дин |
| 2.52. | Заедницата за вработување — Крива Паланка | 22.650.000 дин. |
| 2.53. | Заедницата за вработување — Гевгелија | 8.100.000 дин |

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1827/1
8 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**612.**

Врз основа на член 60, во врска со член 59 од Законот за заштитата при работа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/87), претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ ИСПИТУВАЊА И ПРЕГЛЕДИ ПО ПРОПИСИТЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

1. РО „Раде Кончар“ — Електротехнички институт од Загреб, ги исполнува пропишаните услови за вршење испитувања и прегледи по член 59 од Законот за заштитата при работа за свои потреби и тоа за:
— хемиски и биолошки штетности,
— осветленост,
— штетни зрачења (освен јонизирачки),
— бучава,
— вибрација,
— микроклима,
— дигалки,
— преси и ножици на механизиран погон со рачно додавање и
— купатила со нитратни соли.

2. Ова решение да се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-2230
24 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика,
д-р **Јанко Обочки,** с. р.

**613.**

## ОДЛУКА
## ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА ОДРЕДБАТА ОД ЧЛЕН 4 НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАЕДНИЧКО ФИНАНСИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ШТО СЕ ОДРЖУВААТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

1. Уставниот суд на Југославија, со решението У. бр. 270/88 од 21 декември 1988 година, покрена по сопствена иницијатива постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбата од член 4 на Општествениот договор за измени и дополненија на Општествениот договор за условите за организирање и заедничко финансирање на меѓународните спортски натпревари што се одржуваат во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 62/87).

2. Со одредбата на член 4 од наведениот општествен договор е утврдено дека за заедничко финансирање на меѓународните спортски натпревари што се одржуваат во Југославија се смета и финансирањето на тие натпревари кога дел од средствата за нивно финансирање се обезбедуваат по пат на олеснениja, ослободување и други видови намалувања односно насочувања на изворните приходи од буџетот на Федерацијата.

3. Решението за покренување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорената одредба од наведениот општествен договор им е доставено за одговор на учесниците на тој договор.

Одговори на тоа решение дадоа следните учесници на тој договор: Собранието на СФРЈ, Собранието на СР Црна Гора, Собранието на СР Словенија, Собранието на СР Србија, Собранието на САП Косово, Собранието на САП Војводина и Сојузот за физичка култура на Југославија.

Собранието на СФРЈ и собранијата на социјалистичките републики, односно собранијата на автономните покраини во одговорите на решението за покренување на постапка ги изнесоа следните мислења: дека има причина да се оцени уставноста на оспо-

рената одредба од наведениот општествен договор (Собранието на СФРЈ и Собранието на СР Црна Гора); дека отстапувањето на изворни приходи на федерацијата за заедничко финансирање на меѓународните спортски натпревари што се одржуваат во Југославија не е во согласност со уставните одредби за системот на финансирање на општата потрошувачка во Федерацијата, за наменско користење на приходите на Федерацијата и за задолжително насочување на тие приходи во буџетот на Федерацијата (Собранието на СР Словенија); дека непосредното насочување на изворните приходи на Федерацијата за организаторот на спортското натпреварување, без искажување во буџетот на Федерацијата, не е во согласност со одредбите на член 279 став 1 и 2 од Уставот на СФРЈ (Собранието на СР Србија); дека оспорената одредба на наведениот општествен договор е нејасна и непрецизна и дека може да биде сфатена и така дека изворните приходи на федерацијата се насочуваат за определени намени пред нивното искажување во буџетот на Федерацијата, што не е во согласност со одредбите на член 279 став 1 и 2 на Уставот на СФРЈ (Собранието на САП Косово); дека оспорената одредба од наведениот општествен договор се заснова на одредбата на член 279 став 5 од Уставот на СФРЈ, според која Федерацијата може да презема кредитни и други обврски надвор од рамките на буџетот на федерацијата, ако со тоа се согласат републиките и покраините, но средствата што ќе бидат наменети за исполнување на тие обврски дополнително да мораат да се искажат во буџетот на Федерацијата (Собранието на САП Војводина); за финансирање на меѓународни спортски натпревари што се одржуваат во Југославија покрај средствата што ги обезбедуваат спортските организации и градот-домаќин, треба да се обезбедуваат и додатни средства за финансирање на тие натпревари, односно и други извори за финансирање што со оспорената одредба на Договорот е и обезбедено, и дека затоа таа одредба треба да се задржи во сила (Сојузот за физичка култура на Југославија)

4. Со одредбата на член 279 став 1 и 2 од Уставот на СФРЈ е утврдено: дека сите приходи и расходи на Федерацијата се утврдуваат во буџетот на Федерацијата; дека приходите на Федерацијата ги сочинуваат царините и другите изворни приходи утврдени со сојузен закон и придонесите на републиките и автономните покраини утврдени во согласност со начелото за рамноправност и заедничка одговорност на републиките и автономните покраини за финансирање на функциите на федерацијата и дека со сојузен закон може да се определи приходите од царини да не се внесуваат во буџетот на Федерацијата и да се користат за потребите на стопанството. Со одредбата на член 279 став 5 од Уставот на СФРЈ е утврдено дека федерацијата може да основа фондови или да презема кредитни и други обврски надвор од рамките на вкупните расходи предвидени во буџетот на Федерацијата само кога е за тоа овластена со Уставот на СФРЈ, или кога со основањето на фондот односно со преземањето на такви обврски ќе се согласат републиките и автономните покраини.

Со одредбите на член 286 став 2 точка 2, 3 и 4 од Уставот на СФРЈ е утврдено дека Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ врз основа на согласноста на собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини: ги утврдува приходите на општествено-политичките заедници што се остваруваат со оданочување на производи и услуги во промет, како и системот и изворите на средства за финансирање на Федерацијата; го утврдува вкупниот обем на расходите на буџетот на Федерацијата и одлучува за основање на фондови и преземање на обврски на Федерацијата, освен кога, според одредбите на Уставот на СФРЈ, сојузните органи се овластени самостојно да основаат фондови и да преземаат обврски за Федерацијата. Со одредбата на член 285 точка 5 од Уставот на СФРЈ е утврдено Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ да донесува буџет и завршна сметка на Федерацијата.

Со одредбите на член 24 од Законот за финансирање на Федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77, 71/85, 71/86, 10/88, 31/88 и 16/89) е пропишано дека во буџетот на Федерацијата се обезбедуваат дополнителни средства за финансирање на определените задачи на Југословенскиот сојуз за физичка култура.

5. Поаѓајќи од наведените одредби на Уставот на СФРЈ, Уставниот суд на Југославија оцени дел од оспорената одредба на наведениот општествен договор со кој е утврдено заедничкото финансирање на меѓународни и спортски натпревари што се одржуваат во Југославија да се обезбедува со насочување на изворните приходи на буџетот на Федерацијата за тие потреби, не е во согласност со Уставот на СФРЈ.

Имено, поаѓајќи од сфаќањето дека, според одредбите на член 279 став 1 и 2 од Уставот на СФРЈ, сите приходи на Федерацијата да се внесуваат во буџетот на Федерацијата и само приходите од царини да не мораат да се внесуваат во буџетот, Уставниот суд на Југославија смета дека наведениот дел од оспорената одредба на Општествениот договор не е во согласност со тие одредби од Уставот на СФРЈ.

Уставниот суд на Југославија смета дека наведениот дел од оспорената одредба на Општествениот договор не е во согласност ни со одредбата на член 286 став 2 точка 2 од Уставот на СФРЈ затоа што од таа одредба на Уставот на СФРЈ, по мислењето на Уставниот суд на Југославија, не произлегува дека со наведениот договор можело да биде утврдено дел од средствата од изворни приходи на Федерацијата да се користат за намени што не можат да се финансираат од тие приходи на Федерацијата.

Наведениот дел од оспорената одредба на Општествениот договор, по мислењето на Уставниот суд на Југославија, не е во согласност ни со одредбата на член 285 точка 5 од Уставот на СФРЈ, зашто со тоа што овозможува дел од средствата од изворни приходи на Федерацијата да не се внесуваат во буџетот на федерацијата, Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ се става во положба да не може да ја определува намената на средствата од буџетот на Федерацијата од сите неизини приходи и да врши контрола на трошењето на тие средства.

Уставниот суд на Југославија смета дека наведениот дел од оспорената одредба на Општествениот договор за измени и дополненија на Општествениот договор за условите за организирање и заедничко финансирање на меѓународните спортски натпревари што се одржуваат во Југославија се во спротивност со одредбите на член 24 од Законот за финансирање на Федерацијата, поради тоа што овозможува дел од изворните приходи на Федерацијата да не се внесува во буџетот на Федерацијата, што со тој закон не е пропишано.

6. Уставниот суд на Југославија, врз основа на одредбата од член 365 став 1 точка 4) од Уставот на СФРЈ и член 36 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, на седницата за советување и гласање одржана на 6 јули 1989 година со мнозинство гласови, при издвоено мислење, донесе

## ОДЛУКА

Се укинува одредбата на член 4 од Општествениот договор за измени и дополненија на Општествениот договор за условите за организирање и заедничко финансирање на меѓународните спортски натпревари што се одржуваат во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/87), во делот со кој е утврдено дека за заедничко финансирање се смета и финансирањето на меѓународни спортски натпревари кога дел од средствата за финансирање на тие натпревари се обезбедува со насочување на изворните приходи на буџетот на Федерацијата за тие намени.

Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и во службените гласила на социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини.

Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседател Душан Штрбац и су-

диите Хрвое Бачиќ, Божидар Булатовиќ, Милован Бузаџиќ, м-р Крсте Чаловски, д-р Александар Фира, д-р Омер Ибрахимагиќ, д-р Бранислав Ивановиќ, Димче Козаров, д-р Иван Кристан, Вељко Марковиќ, Радко Мочивник и Милосав Стијовиќ.

У-270/88
6 јули 1989 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
**Душан Штрбац,** с. р.

---

**614.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 28 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста и законитоста на член 8 став 2 од Самоуправната спогодба за здружување на граѓаните во Услужно-транспортна задруга „Авто-транспорт“ во Виница, склучена на 10 април 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената задруга на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. На Уставниот суд на Македонија му е поднесен предлог од Службата на општественото книговодство во СР Македонија — Централа во Скопје за оценување уставноста и законитоста на одредбата на член 8 став 2 од самоуправната спогодба означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што била во спротивност со член 144 став 2 и 3 од Законот за вршење стопански дејности со самостоен личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните („Службен весник на СРМ“ бр. 30/87 и 50/87).

4. На седницата Судот утврди дека според член 8 став 1 од означената самоуправна спогодба задругарите го задржуваат правото на сопственост на средствата што ги здружуваат во задругата, а според оспорениот став 2 задругата не е должна да издвојува средства за обновување и замена на средствата што задругарите ги здружиле во задругата и врз кои го задржале правото на сопственост.

5. На седницата Судот утврди дека одредбите на член 144 став 2 и 3 од Законот за вршење стопански дејности со самостоен личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните, во кои се утврдува обврска за задругата да издвојува средства за обновување и замена на средствата што задругарите ги здружиле во задругата и на кои го задржале правото на сопственост и за преминување на тие средства во општествена сопственост, престанале да важат со влегувањето во сила на Законот за самостојно вршење дејности со личен труд („Службен весник на СРМ“ бр. 18/89). Судот исто така утврди дека од одредбите на овој закон што се однесуваат на здружувањето на работните луѓе во задруги и во други облици на здружување, не произлегува обврска за задругата да издвојува средства за обновување и замена на средствата што задругарите ги здружиле во задругата и на кои го задржале правото на сопственост.

Поради тоа, Судот оцени дека оспорената одредба од означената самоуправна спогодба не е во спротивност со Законот за самостојно вршење дејност со личен труд и одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 3/89
28 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**615.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за усвојување на Деталниот урбанистички план за стариот дел од градот Дебар, „Кенаница“ и „Тилбе“, донесена од Собранието на општина Дебар на седницата одржана на 31 мај 1977 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службен гласник на општина Дебар“.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 7/89 од 7 јуни 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што во постапката за нејзиното донесување не бил одржан јавен увид и јавна расправа, што било во спротивност со Законот за системот на просторното и урбанистичко планирање.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорената Одлука се усвојува Деталниот урбанистички план за означените делови од градот Дебар и дека на местото на постоечката индивидуална станбена зграда на ул. „Трпе Броштички“ бр. 2 е предвидена зграда на општествено-политичките организации во Дебар и нова индивидуална станбена зграда. Исто така, Судот утврди дека планот во фазата на нацрт-план не бил ставен на јавен увид и јавна расправа.

5. Според член 31 став 4 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на СРМ“ бр. 38/85) просторниот и урбанистичкиот план задолжително се ставаат во фазата на нацрт-план на јавен увид и јавна расправа, а постапката за обезбедување на јавен увид и јавна расправа ја утврдува собранието на општината.

Со оглед на тоа што оспорената одлука во фазата на нацрт-план не била ставена на јавен увид и јавна расправа, Судот утврди дека таа е во спротивност со член 31 став 4 од Законот за системот на просторното и урбанистичко планирање.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

У. бр. 7/89
12 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

---

**616.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 став 1 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 17 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) член 46 од Самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила за решавање на станбените потреби на работниците во Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје, донесена со референдум на 11 мај 1987 година; и

б) член 36 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците во Основната организација на здружениот труд „Транспорт“ во Скопје, во состав на Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје, донесен со референдум на 8 март 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означените организации на здруже-

ниот труд на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 43/89 од 29 март 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на одредбите на актите означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбени односи.

4. На седницата Судот утврди дека во член 46 став 1 од Спогодбата е определено дека на работникот може да му се додели и несоодветен стан, доколку за распределба нема соодветен, со тоа што при првата наредна распределба на станови на тој работник ќе му биде доделен соодветен стан, без утврдување на редот на првенството. Во ставот 2 на овој член е определено дека во огласот за распределба на станови задолжително се истакнува дека станот ќе му се додели на работникот што има несоодветен стан и дека предмет на таа распределба ќе биде станот што тој го отстапува. Според став 4 од овој член работникот кој ќе го одбие несоодветниот стан го губи правото во наредната распределба да му се додели соодветен стан без утврдување на ред на првенство. Во другите ставови од овој член се уредуваат прашања поврзани со користењето, отстапувањето и испразнувањето на несоодветниот стан.

Судот, исто така, утврди дека иста содржина има и членот 36 од означениот правилник.

5. Според член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбени односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88) станот на користење го дава давателот на станот врз основа на редот на првенство во давањето станови на користење утврден во согласност со самоуправниот општ акт.

Од означените законски одредби, според мислењето на Судот, произлегува дека доделувањето стан на користење не може да се врши без претходно да се утврди ред на првенство, дури ни во случаите кога на работникот му бил доделен несоодветен стан во некоја поранешна распределба. Судот смета дека живеењето во несоодветен стан може да биде само составен елемент на основот станбената состојба, а не и самостоен основ кој во првата наредна распределба на станови ги исклучува сите други работници од распределбата на соодветниот стан и на работникот на кој претходно му е доделен несоодветен стан му дава апсолутно предимство во добивањето на стан.

Со оглед на тоа, Судот оцени дека член 46 од Спогодбата и член 36 од Правилникот не се во согласност со означените одредби од Законот за станбените односи.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 43/89
12 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**617.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 став 1 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Аналитичката процена за утврдување на вредноста на работите и работните задачи во делот што се однесува на работите и работните задачи библиотекар, составен дел од Правилникот за основите и мерилата за стекнување и распоредување на доходот и чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи во Училиштето за средно образование „Панче Попоски“ во Гостивар, донесен со референдум на 22 јуни 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означеното училиште на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 61/89 на 19 април 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на делот од аналитичката процена означена во точката 1 од ова решение, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со член 23 од Уставот на СР Македонија и за неговата спротивност со член 93 став 1 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека во Аналитичката процена е извршено вреднување на работите и работните задачи по секој од предвидените основи, додека за работите и работните задачи библиотекар вреднувањето е извршено со бодови во вкупен износ.

5. Според член 23 од Уставот на СР Македонија и член 93 став 1 од Законот за здружениот труд работниците во основната организација се должни да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи.

Од изнесените уставни и законски одредби, според мислењето на Судот, произлегува дека во рамките на самоуправното право да ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, работниците се должни по секој од предвидените основи да утврдат и соодветни мерила.

Со оглед на тоа што во оспорениот дел од Аналитичката процена бројот на бодовите за вршење на работите односно работните задачи библиотекар не е утврден по секој од предвидените основи, туку во вкупен износ, Судот оцени дека тој не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 61/89
12 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**618.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 28 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 12 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците од Основната организација на здружениот труд Работна заедница — Заеднички служби на Индустријата за автомобилски делови и трактори „РУЕН“ — Кочани, донесен со референдум на 25 јуни 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената работна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија со решение У. бр. 69/89 од 17 мај 1989 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на членот 12 од Правилникот означен во точката 1 на оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со уставните начела на еднаквост, заемност и солидарност и за неговата спротивност со член 438 од Законот за здружениот труд и член 42 став 3 и член 43 став 1 од Законот за станбените односи.

4. На седницата Судот утврди дека според член 12 од Правилникот работникот може да користи само еден од начините за решавање на станбените потреби односно или преку добивање на општествен стан или преку добивање на станбен кредит.

Согласно член 438 од Законот за здружениот труд и член 42 став 2 и 43 став 1 од Законот за станбените односи пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88) работниците во основната организација со самоуправен општ акт, донесен со референдум, ги утврдуваат основите и мерилата за определување редот на првенство за добивање на користење стан во општествена сопственост односно за распределба на средствата за заедничка потрошувачка. Меѓутоа, при самоуправното уредување на овие прашања треба да се имаат предвид и уставните начела на еднаквост, заемност и солидарност утврдени во Оддел II став 3 алинеи 6 и 9 од Уставот на СР Македонија.

Имајќи ги предвид наведените уставни начела и законски одредби, Судот смета дека со утврдените основи и мерила за распределба на средствата за станбена изградба треба да се обезбеди учество во таа распределба, под еднакви услови, на секој работник кој засновал работен однос, затоа што согласно член 89 од Законот за здружениот труд средствата за заедничка потрошувачка се издвојуваат од доходот на основната организација, а во создавањето на доходот учествуваат сите работници сразмерно со својот и вкупниот општествен труд. Фактот што некој работник веќе користел станбен кредит, според мислењето на Судот, може да влијае на предимството во остварувањето на тоа право, но не може да биде основа за ускратување на правото да учествува при распределбата на средствата за станбена изградба, во зависност од неговите станбени потреби.

Со оглед на тоа што со оспорениот член 12 од правилникот работниците кои користеле кредит за станбена изградба се исклучуваат од правото да учествуваат при распределбата на станови, Судот утврди дека тој не е согласен односно дека е спротивен со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 69/89
28 јуни 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**619.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 5 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за измена на Урбанистичкиот план на населбата Демир Хисар, донесена од Собранието на Општината на 30 септември 1988 година.

2. НЕ СЕ УСВОЈУВА барањето за запирање од извршување на поединечните акти или дејствија врз основа на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службен гласник на општина Демир Хисар“.

4. Републичкиот комитет за урбанизам, градежништво, сообраќај и заштита на човековата околина, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што со неа Собранието на Општината утврдило двојните индивидуални станбени згради на ул. „Гоце Делчев“ до новата населба да се формираат како самостојни индивидуални станбени згради, при што во постапката при нејзиното донесување, покрај другите повреди, не била организирана јавна расправа пред работните луѓе и граѓаните на населбата, што било во спротивност со Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање. Исто така, со предлогот се бара Судот да ги запре од извршување поединечните акти и дејствија преземени врз основа на оспорената одлука.

5. На седницата Судот утврди дека планот, како составен дел на оспорената одлука, во фазата на нацрт бил ставен на јавен увид на огласната табла на зградата на Собранието на општината Демир Хисар и дека по него не била организирана јавна расправа пред работните луѓе и граѓаните на населбата. Исто така, Судот утврди дека врз основа на оспорената одлука не се издадени поединечни решенија за градба на спорните индивидуални станбени згради.

6. Согласно член 34 став 1 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на СРМ“ бр. 38/85 и 18/89) просторен односно урбанистички план донесува собранието на општествено-политичката заедница, а според член 37 од овој закон просторните и урбанистичките планови можат да се изменуваат и дополнуваат доколку е тоа неопходно заради нивното усогласување со целите и задачите утврдени во среднорочните планови за општествено-економскиот развој или поради дејство на виша сила, со тоа што тие измени и дополнувања се вршат на начин и постапка пропишани со овој закон за нивното донесување односно, согласно член 31 став 4 од Законот, со задолжително ставање, во фазата нацрт на планот, на јавен увид и јавна расправа.

Со оглед на тоа што при донесувањето на оспорената одлука бил обезбеден само јавен увид, а не била организирана и јавна расправа, со што не било обезбедено влијанието на работните луѓе и граѓаните во урбанистичкото уредување на населбата, Судот утврди дека таа е во спротивност со означените одредби од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање.

7. Во однос, пак, на барањето за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија врз основа на оспорената одлука, Судот утврди дека со оглед на тоа што врз основа на оспорената одлука не се издадени поединечни решенија за градба на индивидуалните станбени згради не се исполнети условите предвидени во членот 422 од Уставот на СР Македонија за наредување да се запрат од извршување поединечните акти или дејствија.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 96/89
5 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**620.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 5 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА Предлогот на Основниот суд на здружениот труд во Скопје за оценување уставноста и законитоста на член 24 став 7 и 8 од Правилникот за заеднички основи и мерила за решавање на станбените потреби на работниците во Градежната работна организација „Пелагонија“ во Скопје, Основна организација на здружениот труд „Армирачки погон“ во Скопје, донесен со референдум на 26 јуни 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената основна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и зако-

нитоста на одредбите од Правилникот означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што со неа се утврдува зголемување на вкупниот број на бодови по основот работен придонес при утврдувањето редот на првенството за решавање на станбените потреби на работниците за 5%, ако работникот посебно се истакнал во процесот на трудот и со тоа непосредно придонел во успешното работење на основната организација, а при тоа и активно е вклучен во работата на самоуправните органи, општествено-политичките организации, општествено-политичките заедници или самоуправните интересни заедници, за што оценка даваат работоводните органи, самоуправните органи и општествено-политичките организации на основната организација без притоа да се утврдат објективизирани основи и мерила, со што не биле во согласност со уставните начела на распределба според трудот и резултатите од трудот и на заемност и солидарност.

4. На седницата Судот утврди дека според член 24 став 7 од Правилникот на работниците кои со својата работа посебно се истакнале во процесот на трудот и со тоа непосредно придонесуваат за успешно работење на основната организација, а при тоа и активно се вклучени во работата на самоуправните органи, општествено-политичките организации, општествено-политичките заедници или самоуправните интересни заедници, вкупниот број на бодови по основот работен придонес им се зголемува за 5%. Исто така, Судот утврди дека според член 24 став 8 од Правилникот оценка за работниците од претходниот став на овој член даваат работоводните органи, самоуправните органи и општествено-политичките организации на Работната заедница.

Според член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбените односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ" бр. 48/88) давателот на станот на користење односно работниците во основната организација со самоуправен општ акт ги утврдуваат условите и начинот на давање станови на користење односно основите и мерилата за определување редот на првенството за добивање на користење стан во општествена сопственост.

Според тоа, самоуправно право на работниците е да ги утврдат основите и мерилата за определување редот на првенство за добивање на користење стан во општествена сопственост, при што можат да го предвидат и вреднуваат и основот придонес во работата. Притоа, според мислењето на Судот, работниците се должни да го почитуваат и уставното начело на распределба според трудот и резултатите од трудот, утврдено во член 22 од Уставот на СР Македонија, кое и во станбената област, преку основот работен придонес се изразува во зависност од трудот и резултатите од трудот.

Со оглед на тоа што со оспорените одредби од Правилникот работниците ги утврдиле основите и мерилата за определувањето редот на првенството за решавање на своите станбени потреби, при што обезбедиле доминантно влијание на основот станбена состојба во однос на другите основи, воедно почитувајќи го трудот преку вреднувањето на основот работен придонес на работниците во процесот на трудот и преку дополнителното вреднување на посебниот придонес за успешно работење на основната организација и за активно учество во работата на самоуправните органи и другите организации и заедници, што се оценува во пропишана постапка, Судот утврди дека не може да се постави прашањето за согласноста односно спротивноста на оспорената одредба од Правилникот со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 104/89
12 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**621.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 јули 1989 година, донесе

# ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Основниот суд на здружениот труд во Скопје за оценување уставноста и законитоста на член 24 став 7 и 8 од Правилникот за заедничките основи и мерила за решавање на станбените потреби на работниците во Градежната работна организација „Пелагонија" — Работна заедница во Скопје, донесен со референдум на 28 август 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената работна заедница на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од Правилникот означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што со неа се утврдува зголемување на вкупниот број на бодови по основот работен придонес при утврдувањето редот на првенството за решавање на станбените потреби на работниците за 5%, ако работникот посебно се истакнал во процесот на трудот и со тоа непосредно придонел во успешното работење на Работната заедница, а при тоа и активно е вклучен во работата на самоуправните органи, општествено-политичките организации, општествено-политичките заедници или самоуправните интересни заедници, за што оценка даваат работоводните органи, самоуправните органи и општествено-политичките организации на Работната заедница, без притоа да се утврдат објективизирани основи и мерила, со што не биле во согласност со уставните начела на распределба според трудот и резултатите од трудот и на заемност и солидарност.

4. На седницата Судот утврди дека според член 24 став 7 од Правилникот на работниците кои со својата работа посебно се истакнале во процесот на трудот и со тоа непосредно придонесуваат за успешно работење на Работната заедница, а при тоа и активно се вклучени во работата на самоуправните органи, општествено-политичките организации, општествено-политичките заедници или самоуправните интересни заедници, вкупнист број на бодови по основот работен придонес им се зголемува за 5%. Исто така, Судот утврди дека според член 24 став 8 од Правилникот оценка за работниците од претходниот став на овој член даваат работоводните органи, самоуправните органи и општествено-политичките организации на Работната заедница.

Според член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбените односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ" бр. 48/88) давателот на станот на користење односно работниците во основната организација со самоуправен општ акт ги утврдуваат условите и начинот на давање станови на користење односно основите и мерилата за определување редот на првенството за добивање на користење стан во општествена сопственост.

Според тоа, самоуправно право на работниците е да ги утврдат основите и мерилата за определување редот на првенството за добивање на користење стан во општествена сопственост, при што можат да го предвидат и вреднуваат и основот придонес во работата. Притоа, според мислењето на Судот, работниците се должни да го почитуваат и уставното начело на распределба според трудот и резултатите од трудот, утврдено во член 22 од Уставот на СР Македонија, кое и во станбената област, преку основот работен придонес, се изразува во зависност од трудот и резултатите од трудот.

Со оглед на тоа што со оспорените одредби од Правилникот работниците ги утврдиле основите и мерилата за определување редот на првенството за

решавање на своите станбени потреби, при што обезбедиле доминантно влијание на основот станбена состојба во однос на другите основи, воедно почитувајќи го трудот и резултатите од трудот преку вреднувањето на основот работен придонес на работниците во процесот на трудот и преку дополнителното вреднување на посебниот придонес за успешно работење на Работната заедница и за активно учество во работата на самоуправните органи и другите организации и заедници, што се оценува во пропишана постапка, Судот утврди дека не може да се постави прашањето за согласноста односно спротивноста на оспорената одредба од Правилникот со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 104/89
12 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**622.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 став 1 алинеја 2 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки на седницата одржана на 12 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ: Одлуката за исплата на теренски надоместок на стручни лица; Одлуката за зголемување на трошоците на надоместок на патничко возило за излез на терен; и Одлуката за теренски работи, донесени од Работната заедница и директорот на Општинската геодетска управа во Гостивар, на 1 октомври 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Гостивар".

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 185/88 од 29 март 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуките наведени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со член 32 став 3 од Уставот на СР Македонија и нивната спротивност со член 190 од Законот за државната управа.

4. На седницата Судот утврди дека со член 2 од Одлуката за исплата на теренски надоместок се утврдува за кои работи на стручните лица им се исплатува теренски надоместок, а со член 3 е утврдена висината на наградата за извршената работа на терен. Со одлуката за зголемување на трошоците за надоместок на патничко возило за излез на терен се утврдени износите по одделни населени места што правните и физичките лица ги плаќаат на Геодетската управа како надоместок за излез на терен заради утврдување на промените во состојбата на теренот. Со одлуката за теренски работи се утврдени работите што Геодетската управа ги врши на барање на физички и правни лица и износите што се плаќаат за секој вид работа одделно.

5. Според член 32 став 3 од Уставот на СР Македонија на работните заедници што вршат работи за органите на општината и Републиката не можат да им се пренесуваат права, обврски и одговорности на органите за кои тие вршат работи.

Согласно член 196 став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80, 28/81 и 28/88) и членовите 7 и 28 од Законот за системот на финансирање на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/83 и 50/87) основен извор на средства за финансирање на работата на органите на управата е буџетот на општината односно на Републиката. Меѓутоа, со одредбите на член 196 став 3 од Законот за државната управа и член 11 став 1 од Законот за системот на финансирање на општините и Републиката е дадена можност органите на управата да остваруваат средства односно приходи и со својата дејност. Притоа, според овие законски одредби, средствата остварени со дејноста на органите, по правило, се внесуваат во буџетот на општината односно на Републиката како нејзин приход, а само по исклучок непосредно ги користи органот што ги остварил, под услов тоа изречно да е определено со закон односно со одлука на собранието на општината донесена врз основа на закон. Според член 11 став 2 од Законот за системот на финансирање на општините и Републиката за користењето на средствата остварени од органите и организациите на општината одлучува собранието на општината.

Според член 105 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ" бр. 27/86), покрај работите што со закон се утврдени, во рамките на геодетските работи за посебни намени, општинската геодетска управа може да врши премерување за потребите на органите, организациите и заедниците, како и за здруженијата на граѓаните, други граѓански правни лица и граѓаните, за што се плаќа надоместок што барателот на премерот и општинската геодетска управа го утврдуваат спогодбено.

Според член 201 од Законот за државната управа на органите на управата можат да им се обезбедат средства за посебни намени за намирување на определени посебни потреби и за извршување на посебни задачи што се поврзани со дејноста на органите на управата, кои служат, меѓу другото, и за надоместоците на работниците како дел од личниот доход на работниците за посебните услови и природата на работата, додека согласно член 205 од законот, за распоредувањето и користењето на средствата, меѓу другото и за посебни намени, одлучува функционерот кој раководи со органот на управата.

6. Според мислењето на Судот од изнесените уставни и законски одредби не произлегува надлежност на работните заедници на органите на управата заедно со старешината кој раководи со органот да одлучуваат за распоредувањето и користењето на средствата за посебни намени. Судот смета дека со оспорените одлуки не се уредуваат самоуправни односи на работниците во означената општинска геодетска управа, туку дека со нив се одлучува за распоредувањето и користењето на средствата за посебни намени, па поради тоа што тие се донесени заеднички од работната заедница и од старешината на органот, а не само од старешината, Судот оцени дека тие не се во согласност со член 32 став 3 од Уставот на СР Македонија и се во спротивност со член 201 и 205 од Законот за државната управа.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 184/88
12 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**623.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 426 став 4 од Уставот на СР Македонија, член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека член 19 став 2 точка 7 од Законот за адвокатурата и другите видови правна помош („Службен весник на СРМ" бр. 6/72 и 13/78) престанал да важи на 24 април 1989 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

3. Уставниот суд на Македонија, со одлука У. бр. 287/85 од 13 октомври 1988 година, објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 44/88), утврди дека член 19 став 2 точка 7 од Законот за адвокатурата и другите видови правна помош не е во согласност со член 210 став 3 и член 281 став 2 од Уставот на СР Македонија, затоа што ја предвидува морално-политичката подобност како еден од условите за вршење адвокатура, што нема основа во Уставот, и затоа што со тоа се ограничува уставното начело на достапност на секое работно место и функција во општеството на секој граѓанин под еднакви услови.

4. Со доставувањето на оваа одлука, на 24 октомври 1988 година, за Собранието на СР Македонија започна да тече рокот од 6 месеци, утврден во член 426 став 2 од Уставот на СР Македонија, во кој тоа беше должно означената законска одредба да ја усогласи со Уставот.

Со оглед на тоа што означениот рок истече на 24 април 1989 година, а Собранието на СР Македонија, во смисла на член 426 став 3 од Уставот на СР Македонија, не побара од Уставниот суд на Македонија да го продолжи рокот за усогласување, Судот утврди дека, врз основа на член 426 став 4 од Уставот на СР Македонија, означената законска одредба престанала да важи.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 287/85
12 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**624.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа, на седницата одржана на 8 јули 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на Урбанистичкото решение за Урбанистичка единица 4 на град Струга бр. 02-1398/1, донесена од Собранието на општина Струга на 29 февруари 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во „Службен гласник на општина Струга“.

3. Уставниот суд на Македонија по повод поднесена иницијатива поведе постапка за оценување законитоста на Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност со Уставот на СР Македонија и спротивност со Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање.

4. На седницата по одржаната јавна расправа Судот утврди дека според член 1 од оспорената одлука се усвојуваат измените и дополнувањата на Урбанистичкото решение за Урбанистичката единица 4 на град Струга, источен и западен дел. Во член 2 од Одлуката е предвидено дека со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за забрана на издавање на секакви одобренија за градба на објекти во урбанистичка единица 4, број 02-3487/1, донесена од Собранието на општина Струга на 16 јули 1982 година, и дека одлуките за усвојување на измените и дополнувањата на урбанистичкото решение за урбанистичка единица 4 западен дел бр. 02-2609/1 од 31 март 1987 година и источен дел бр. 02-7768/1 од 29 декември 1987 година, се спојуваат во една. Исто така, Судот утврди дека по одлуките за измена и дополнување на урбанистичкиот план за источен и западен дел во фазата на нацрт на план е обезбеден јавен увид и е организирана јавна расправа, додека при донесувањето на оспорената одлука не бил обезбеден јавен увид и не била организирана јавна расправа.

Во член 5, пак, од Одлуката е предвидено и дека таа влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општината Струга“, при што во постапката за нејзиното донесување не било утврдено постоење на особено оправдани причини за пократок рок за влегување во сила.

5. Според член 31 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на СРМ“ бр. 38/85), просторниот и урбанистичкиот план задолжително се ставаат во фазата нацрт на план на јавен увид и јавна расправа, а постапката за обезбедување на јавен увид и јавна расправа ја утврдува собранието на општината. Со член 34 од овој закон е предвидено дека просторен односно урбанистички план донесува собранието на општествено-политичката заедница. Исто така, според член 37 од овој закон просторните и урбанистичките планови можат да се изменуваат и дополнуваат доколку е тоа неопходно заради нивно усогласување со целите и задачите утврдени во среднорочните планови за општествено-економскиот развој или поради дејство на виша сила, а измените и дополнувањата на просторните и урбанистичките планови се вршат на начин и постапка пропишани со законот за нивното донесување.

Согласно член 261 став 1 од Уставот, пак, прописите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, и според став 2 на овој член да се определи пропис да влезе во сила во пократок рок, или истиот ден кога прописот е објавен, треба да постојат особено оправдани причини.

Според тоа, прописите на општината можат да влезат во сила во пократок рок од осум дена од денот на објавувањето, но за тоа треба да постојат особено оправдани причини кои собранието на општината треба да ги наведе во постапката при донесување на планот, што во конкретниот случај не било направено

Со оспорената одлука престануваат да важат две претходни одлуки за измени и дополнувања на урбанистичкиот план на урбанистичка единица 4 на град Струга, како и одлуката со која се забранува издавање на секакви одобренија за градба на објекти. Според мислењето на Судот, со оспорената одлука всушност се вршат измени и дополнувања на урбанистичкиот план односно со неа се завршува постапката за измена и дополнување на тој план. Поради тоа, Судот смета дека одлуките со кои се врши измена и дополнување на урбанистичкиот план треба да се донесуваат во посебна со закон утврдена постапка, па и одлуката со која се изменуваат и дополнуваат тие одлуки треба да се донесе според истата постапка.

Со оглед на тоа што со оспорената одлука се вршат измени и дополнувања на урбанистичкиот план на урбанистичката единица 4 на град Струга, и по неа во фазата на нацрт на планот не бил обезбеден јавен увид и не била организирана јавна расправа, и што при нејзиното донесување не се наведени кои се тие особено оправдани причини поради кои таа влегува во сила со денот на донесување, Судот утврди дека таа не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 187/88
8 јули 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**275.**

Врз основа на член 244 став 2 алинеја 3 и Амандманот XXIX на Уставот на СФРЈ, Собранието на СР Босна и Херцеговина, Собранието на СР Македонија, Собранието на СР Црна Гора, Собранието на СР Србија, Собранието на САП Војводина и Собранието на САП Косово, склучуваат

## ДОГОВОР
## ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОПЛАТНА МАРКА „I КОНГРЕС НА УСАОЈ ВО БИХАЌ“

Член 1

Републиките и автономните покраини (во натамошниот текст: учесници на Договорот) се согласни заради обезбедување на дел од средствата за финансирање на изградбата на Спомен-домот „I конгрес на УСАОЈ во Бихаќ“, со кој трајно се обележува еден од најзначајните настани во развојот на младинското револуционерно движење, да издадат доплатна марка „I конгрес на УСАОЈ“, со заштитниот знак на Спомен-домот.

Член 2

Учесниците на Договорот се согласни доплатната марка „I конгрес на УСАОЈ“ да се издаде во вкупен тираж од 30 милиони примероци, во вредност од 50% на првата стапка на писма за внатрешен поштенски сообраќај.

Доплатната марка од став 1 на овој член ќе се продава од 1 септември до 31 октомври 1989 година, на територијата на учесниците на Договорот кои го потпишале Договорот.

Член 3

Учесниците на Договорот се согласни од 1 септември до 31 октомври 1989 година во задолжителна употреба да се воведе доплатна марка „I конгрес на УСАОЈ во Бихаќ“ на сите поштенски пратки во внатрешниот промет, освен на весниците и списанијата.

Член 4

Учесниците на Договорот се согласни целиот приход од продажбата на доплатната марка „I конгрес на УСАОЈ во Бихаќ“ да се уплатува на жиро-сметка на РО во основање на Спомен-домот „I конгрес на УСАОЈ во Бихаќ“ број 10600-603-1562 кај филијалата на СОК во Бихаќ.

Учесниците на Договорот се согласни на товар на средствата од став 1 на овој член да ги намират трошоците на издавање и продажба на доплатната марка „I конгрес на УСАОЈ во Бихаќ“ за сметка на организациите на ПТТ сообраќај од републиките и автономните покраини, потписници на Договорот.

Договорот со „Југомарка“, во смисла на одредбата од претходниот став, ќе го склучи РО во основање на Спомен-домот „I конгрес на УСАОЈ во Бихаќ“.

Член 5

Договорот се смета за склучен кога ќе го усвојат собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини, кои овој договор го прифатиле и ќе го потпишат нивните овластени претставници.

Работната организација во основање Спомен-домот „I конгрес на УСАОЈ во Бихаќ“, ќе поднесе извештај за собраните и потрошените средства на потписниците на Договорот до 31 мај 1990 година.

Член 6

Договорот останува отворен за пристапување на собранијата на другите социјалистички републики.

Член 7

Договорот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во службените гласила на потписниците.

Учесници на Договорот:

1. Собранието на СР Босна и Херцеговина,
2. Собранието на СР Македонија,
3. Собранието на СР Црна Гора,
4. Собранието на СР Србија,
5. Собранието на САП Војводина,
6. Собранието на САП Косово.

---

**276.**

Врз основа на член 244 став 2 алинеја 3 од Уставот на СФРЈ, Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Хрватска, Собранието на Социјалистичка Република Црна Гора, Собранието на Социјалистичка Република Словенија, Собранието на Социјалистичка Република Србија, Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина и Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Косово склучуваат

## ДОГОВОР
## ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ПАТИШТА И УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ТОЈ НАДОМЕСТОК

Член 1

Собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини (во натамошниот текст: учесници на Договорот) се согласни дека во рамките на своите права и должности, заради обезбедување средства за одржување, реконструкција и изградба на патиштата, на единствен начин ќе пропишат надоместок за патишта кој се пресметува и наплатува со цената на дериватите од нафта, начинот на наплатувањето на тој надоместок и условите и начинот на користење на средствата остварени од овој надоместок.

Член 2

Учесниците на Договорот се согласни надоместокот за патишта да се наплатува како надоместок за употреба на пат.

Член 3

Учесниците на Договорот се согласни:

— надоместокот за патишта да се пресметува и наплатува со цената на моторниот бензин и дизелгоривото во прометот;

— основицата на која се пресметува надоместок за патишта да биде производствената цена на моторниот бензин и дизел-горивото зголемена за зависните трошоци и учеството за покритие на трошоците на прометот на мало;

— надоместокот за патишта да го пресметуваат и наплатуваат организациите на здружениот труд (претпријатијата) кои се занимаваат со промет на моторен бензин и дизел-гориво и физичките лица, кои, во согласност со републичкиот пропис за вршење на внатрешен промет на стока, се занимаваат и со промет на моторен бензин и дизел-гориво.

Социјалистичка република и социјалистичка автономна покраина ќе воведе надоместок за патишта кој се пресметува и наплатува со цената на течниот гас кој се употребува за погон на моторните друмски возила во прометот, ако не вовела паушално плаќање на надоместокот за патишта во годишен износ.

Член 4

Учесниците на Договорот се согласни надоместокот за патишта да се пресметува и наплатува во роковите пропишани за пресметка и плаќање на основниот данок на промет.

Член 5

Учесниците на Договорот се согласни надоместокот за патишта кој се пресметува на основицата од член 3 алинеја 2 на овој договор да изнесува:

1) моторен бензин

| | | |
|---|---|---|
| — МБ | — 86 | 44,3669% |
| — МБ | — 98 | 35,3448% |
| — БМБ | — 95 | 29,1761% |

2) дизел-гориво

| | | |
|---|---|---|
| — Д | — 1 | 41,1119% |
| — Д | — 2 | 39,3708% |
| — Д | — 3 | 40,0267% |

Учесниците на Договорот се согласни надоместокот за патишта од 1 јули 1989 година да се зголеми, така што да изнесува:

1) моторен бензин

| | | |
|---|---|---|
| — МБ | — 86 | 61,3075% |
| — МБ | — 98 | 47,0471% |
| — БМБ | — 95 | 38,6238% |

2) дизел-гориво

| | | |
|---|---|---|
| — Д | — 1 | 55,1781% |
| — Д | — 2 | 54,3198% |
| — Д | — 3 | 54,0940% |

Учесниците на Договорот се согласни надоместокот за патишта од 1 октомври 1989 година да се зголеми, така што да изнесува:

1) моторен бензин

| | | |
|---|---|---|
| — МБ | — 86 | 67,6881% |
| — МБ | — 98 | 51,9435% |
| — БМБ | — 95 | 42,6436% |

2) дизел-гориво

| | | |
|---|---|---|
| — Д | — 1 | 60,9208% |
| — Д | — 2 | 59,9731% |
| — Д | — 3 | 59,7238% |

Учесниците на Договорот се согласни надоместокот за патишта од 1 јануари 1990 година да се зголеми, така што да изнесува:

1) моторен бензин

| | | |
|---|---|---|
| — МБ | — 86 | 74,0686% |
| — МБ | — 98 | 56,8399% |
| — БМБ | — 95 | 46,6634% |

2) дизел-гориво

| | | |
|---|---|---|
| — Д | — 1 | 66,6635% |
| — Д | — 2 | 65,6264% |
| — Д | — 3 | 65,3536% |

Учесниците на Договорот се согласни надоместокот за патишта од 1 април 1990 година да се зголеми, така што да изнесува:

1) моторен бензин

| | | |
|---|---|---|
| — МБ | — 86 | 80,3771% |
| — МБ | — 98 | 61,7363% |
| — БМБ | — 95 | 50,6832% |

2) дизел-гориво

| | | |
|---|---|---|
| — Д | — 1 | 72,4062% |
| — Д | — 2 | 71,2797% |
| — Д | — 3 | 70,9834% |

Учесниците на Договорот се согласни надоместокот за патишта од 1 јули 1990 година да се зголеми, така што да изнесува:

1) моторен бензин

| | | |
|---|---|---|
| — МБ | — 86 | 86,8298% |
| — МБ | — 98 | 66,6328% |
| — БМБ | — 95 | 54,7029% |

2) дизел-гориво

| | | |
|---|---|---|
| — Д | — 1 | 78,1487% |
| — Д | — 2 | 76,9331% |
| — Д | — 3 | 76,6133% |

Учесниците на Договорот се согласни дека, во рамките на своите права и должности, ќе обезбедат, организациите на здружениот труд (претпријатијата) на железничкиот, поморскиот, речниот и езерскиот сообраќај, за количествата на дизел-горивото што ги набавуваат исклучително за погон на моторните шински возила и пловните објекти да не плаќаат надоместок за патишта кој се пресметува и наплатува со цената на дериватите од нафта.

Член 6

Учесниците на Договорот се согласни, организациите на здружениот труд, односно физичките лица од член 3 алинеја 3 на овој договор надоместокот за патишта да го уплатуваат на посебни сметки кои ќе ги одреди надлежниот орган на републиката, односно автономната покраина, во износите што ќе ги наплатат на територијата на републиката, односно автономната покраина.

Член 7

Учесниците на Договорот се согласни приходот од надоместокот за патишта да се користи за отплата и повлекување на странските кредити за изградба и реконструкција на патишта за кои Федерацијата дава посебна гаранција, и за одржување и вложување во развојот на патиштата.

Член 8

Учесниците на Договорот се согласни во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој договор своите прописи да ги усогласат со одредбите на овој договор.

Член 9

Овој договор влегува во сила кога ќе го потпишат овластените претставници на собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

Член 10

Овој договор ќе се објави во службените гласила на републиките и автономните покраини.

Потписници:

Собранието на СР Босна и Херцеговина,
Собранието на СР Македонија,
Собранието на СР Хрватска,
Собранието на СР Црна Гора,
Собранието на СР Словенија,
Собранието на СР Србија,
Собранието на САП Војводина,
Собранието на САП Косово.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

**277.**

РЕПУБЛИЧКА СИЗ ЗА ПАТИШТА

Врз основа на член 96 став 2 и член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“ бр. 15/80, 26/80, 28/82, 13/86, 28/88) и член 18 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, Собранието на Републичката СИЗ за патишта, на седницата одржана на 8 септември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТ ЗА УПОТРЕБА НА ДЕЛНИЦИТЕ ОД АВТОПАТОТ КУМАНОВО — ТИТОВ ВЕЛЕС ЗА ВОЗИЛАТА РЕГИСТРИРАНИ ВО СФРЈ

Член 1

Во Одлуката за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на делниците од авто-

патот Куманово — Титов Велес за возилата регистрирани во СФРЈ („Службен весник на СРМ" број 36/88, 7/89 и 22/89), во членот 2, по ставот еден одредбите од 1, 2, 3 и 4 се менуваат и гласат:

1. За моторни возила со две осовини и висина до 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

| | |
|---|---|
| Куманово — Миладиновци и обратно | 5.000 дин. |
| Скопје — Петровец и обратно | 3.000 дин. |
| Петровец — Титов Велес и обратно | 7.000 дин. |

2. За моторни возила со повеќе од две осовини и висина до 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

| | |
|---|---|
| Куманово — Миладиновци и обратно | 8.000 дин. |
| Скопје — Петровец и обратно | 4.500 дин. |
| Петровец — Титов Велес и обратно | 10.000 дин. |

3. За моторни возила со две и три осовини и висина поголема од 1,3 м. (кај предната осовина на влечното возило) за правците:

| | |
|---|---|
| Куманово — Миладиновци и обратно | 15.000 дин. |
| Скопје — Петровец и обратно | 9.000 дин. |
| Петровец — Титов Велес и обратно | 21.000 дин. |

4. За моторни возила со повеќе од три осовини и висина поголема од 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

| | |
|---|---|
| Куманово — Миладиновци и обратно | 30.000 дин. |
| Скопје — Петровец и обратно | 18.000 дин. |
| Петровец — Титов Велес и обратно | 42.000 дин. |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 14-1676/5
8 септември 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Танески,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА — ОСНОВНА ЗАЕДНИЦА

**278.**

Врз основа на член 225Д од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 36/86, 22/89) и член 26 став 24 од Статутот на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување Скопје, Собранието на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување во Скопје, на седницата одржана на 7 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ОСНОВНАТА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СКОПЈЕ

Член 1

Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување во Скопје престанува со работа сметано од 9. IX. 1989 година.

Член 2

Правата, обврските и одговорностите на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување и управувањето со средствата од областа на инвалидската заштита и општествениот стандард на корисниците на пензија се пренесуваат на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ"

Бр. 09-7391/9
7 септември 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на
Основната заедница,
**Дивна Лазарова,** с. р.

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје се води спор за наплата на закупнина по тужбата на тужителката Магдалена Симевска од Скопје против тужениот Енис Селими од Скопје, ул. „156" бр. 7.

Се повикува тужениот Енис Селими, сега со непозната адреса на живеење, да се јави во рок од 15 дена во судот во својство на тужен и да ја прифати постапката по овој предмет.

Доколку тужениот Енис Селими не се јави во судот во одредениот рок судот ќе му одреди привремен застапник преку Центарот за социјални работи на град Скопје, за заштита на неговите права во постапката, се до правосилното окончување на оваа постапка.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, IV П бр. 1504/88.

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителот Јакуп Илјаз од Скопје против тужената Гулшен Илјаз, со непозната адреса на живеење во СР Германија.

Се повикува тужената Гулшен Илјаз да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на судскиот оглас во овој суд и да ја достави сегашната адреса на живеење.

Во спротивно, ќе и биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси во судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, IV П. бр. 1638/89.

---

Пред овој суд е заведен спор за сопственост на недвижен имот по тужбата на тужителот Адровиќ Саид од с. Белимбегово застапуван од адвокатот Митко Солаков од Скопје, против тужената Веланова Виторка од с. Белимбегово — нас. Илинден, ул. „605" бр. 2, Скопје, сега со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 10.000.000 динари.

Се повикува тужената Веланова Виторка да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена, на истата ќе и биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П. бр. 1111/89.

---

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Бислими Рамадан од Скопје, против тужената Лулјете Бислими, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Лулјете Бислими да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во овој суд или во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена во смисла на одредбите од член 84 од Законот за

процесната постапка, на истата ќе и биде поставен привремен застапник кој ќе ги штити нејзините права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XV П. бр. 2717/89.

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Салије Хусеин од Скопје, сега на привремена работа во Германија, застапувана од полномошникот — адвокат Насер Хаџи Ахметагиќ, против тужениот Џемаил Хусеин од Скопје, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Џемаил Хусеин од Скопје да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во овој суд или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена, на истиот ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II Скопје, П. бр. 2487/89.

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 520 од 12. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр 3-1490-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Самоуправната интересна заедница за становање, со Ц. О. Крива Паланка, ул. „Илинденска“ бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Влајко Бојковски, секретар, а се запишува новиот застапник Благој Младеновски, в. д. секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 520/89. (222)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 444 од 12. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2266-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Производно-прометната и услужна задруга „Макопремаинжинеринг“ О. Сол. О. с. Орешани — Скопје, ул. „Јане Сандански“ бр. 55, со следните податоци: Досегашниот в. д. директор, Стојковски Томче, се запишува како директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 444/89. (230)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 537 од 21. VI. 1989 година ,на регистарска влошка бр 2-2286-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето — поблиската адреса со следните податоци: Се запишува промената на седиштето на Електро-монтажната инсталатерска услужна задруга „Херц“, О. Сол. О., ул. „Илинденска“ бб, општина Карпош — Скопје, се менува и во иднина ќе гласи: Електро-монтажна инсталатерска услужна задруга „Херц“, О. Сол. О., ул. „Јордан Хаџи Константинов — Џинот“ бр. 14, општина — Центар — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 537/89. (232)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 578 од 23. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1304-0-0-0, ги запиша во судскиот регистар привремените мерки и промената на лицето овластено за застапување привремен управник на: Центарот за примена на радиоизотопи во стопанството „Скопје“, Ц. О., Скопје Карпош II бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник м-р инж. Јован Наумоски, а се запишува новиот застапник дипл. инж. Борис Бошњаковски, привремен управник, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 578/89. (233)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 509 од 19. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2311-0-0 0, го запиша во судскиот регистар пристапувањето на новите членови на Општата задруга „Тргокооперант“, О. Сол. О., Скопје, ул. „Јоаким Крстевски“ бр. 11, со следните податоци: Се запишува пристапувањето на новите членови во задругата Крстевски Тодор и Габриела Ристеска.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 509/89. (238)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 442 од 21. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1037-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на поблиската адреса и проширувањето на дејноста со следните податоци: Досегашната поблиска адреса на Монтажно-инсталатерската задруга „Термомонт“, Р. О., Скопје, ул. „Радњанска“ бр. 17 се менува и во иднина ќе гласи: Монтажно-инсталатерска задруга „Термомонт“ Р. О., Скопје, ул. „Дане Крапчев“ бр. 21, се проширува дејноста на задругата со:

— 179 молерофарбарска; 174 — фасадерска; — 184 — терацерска; 192 — градежно-браварска; 14 — лимарска; 183 — керамичарска; 182 — гипсарска и штукомермерска; 180 — изолатерска; 178 — паркетарска; 181 — изработка и ставање на подлоги со вештачки смеси.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 442/89. (239)

## ТАРИФА

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОГЛАСИ И АКТИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ“

**1. — СУДСКИ ОГЛАСИ: Бракоразводни парници, оставински расправи, повикување на наследници со непознато место на живеење и сл. — 200.000 динари;**

**2. — Јавни наддавања и конкурси — 10.000 динари за еден квадратен сантиметар во весникот;**

**3. — Запишување во судскиот регистар на организациите на здружен труд — 60.000 динари за еден ред чукан на машина;**

**4. — Ликвидации и санации на работните организации — 10.000 динари за еден квадратен сантиметар во весникот;**

**5. — Огласување за неважни: печати и штембили — 10.000 динари од збор;**

**6. — Огласување за неважни: тековни книшки, полиси, гарантни и кредитни писма — 100.000 динари;**

**7. — МАЛИ ОГЛАСИ: објавување за неважни: работни книшки, ученички книшки, свидетелства, воени книшки, ловечки исправи, оружен лист и други лични документи — 50.000 динари;**

**8. — Објавување акти на самоуправните интересни заедници и на работните организации — 1.400.000 динари од една страница;**

**9. — Регистрации на занаетчиски дуќани и работилници и престанок со работа на занаетчиски дуќани — 30.000 динари;**

**10. — Меници, барирани чекови — 200.000 динари.**

**За да се објави оглас од точка 1, 6, 7 и 9 во „Службен весник на СРМ“ парите треба да се испраќаат однапред на жиро сметка 40100-603-12498 кај Службата на општественото книговодство — Скопје, а за другите видови огласи плаќањето ќе се врши по доставување на сметка во законски рок.**

**Оваа тарифа влегува во сила веднаш, ќе се применува од 11. IX. 1989 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.**

**НИРО Службен весник на СРМ располага со следните изданија:**

**УСТАВ НА СФРЈ И УСТАВ НА СРМ**
**— со амандманите —**

**Цена 50.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД**
**(Пречистен текст)**

**Цена 32.500 дин.**

**КРИВИЧЕН ЗАКОН НА СФРЈ И КРИВИЧЕН ЗАКОН НА СРМ**
**Трето изменето и дополнето издание**

**Цена 27.500 дин.**

**ЗАКОН ЗА ИЗВРШНАТА ПОСТАПКА**
**— со објаснувања и со предметен регистар —**
**Второ изменето и дополнето издание**

**Цена 30.000 дин.**

**ЗБИРКА НА ЗАКОНИ ОД СЕМЕЈНОТО ПРАВО**
**— со судска практика и со предметен регистар —**
**Трето изменето и дополнето издание**

**Цена 25.000 дин.**

**ЗБИРКА НА ЗАКОНИ ОД МЕЃУНАРОДНОТО ПРИВАТНО ПРАВО**
**— со предговор и со предметен регистар —**
**Второ изменето и дополнето издание**

**Цена 15.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА И ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУДОТ**
**— со упатства —**

**Цена 4.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА**
**— со објаснувања и со предметен регистар —**
**Второ изменето и дополнето издание**

**Цена 17.500 дин.**

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО И ВОНПРОЦЕСНАТА ПОСТАПКА**
**— со објаснувања и судска практика и со регистар на поимите —**
**Второ изменето и дополнето издание**

**Цена 24.000 дин.**

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**

**Цена 17.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА ОПШТОНАРОДНА ОДБРАНА**
**(Пречистен текст)**

**Цена 22.500 дин.**

**ЗБИРКА НА СУДСКИ ОДЛУКИ 1980—1984 НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА И СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА**
**книга III**

**Цена 35.000 дин.**

**ЗАКОН ЗА СТАНБЕНИТЕ ОДНОСИ**

**Цена 20.000 дин.**

**ЗБИРКА НА ОДЛУКИ И РЕШЕНИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА**

**Цена 15.000 дин.**

## СОДРЖИНА

Страна

608. Одлука за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија — 617
609. Одлука за користење на средствата на Републичкиот буџет за 1989 година — — 617
610. Одлука за измена на распоредот на средствата за посебни намени утврдени со Републичкиот буџет за 1989 година — — 617
611. Одлука за користење на дел од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година 619
612. Решение за исполнување на условите за вршење на испитувања и прегледи по прописите за заштита при работа — — — 620
613. Одлука за оценување на уставноста и законитоста на одредбата од член 4 на Општествениот договор за измени и дополненија на Општествениот договор за условите за организирање и заедничко финансирање на меѓународните спортски натпревари што се одржуваат во Југославија 620
614. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 3/89 од 28 јуни 1989 година — — 622
615. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 7/89 од 12 јули 1989 година — — 622
616. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 43/89 од 12 јули 1989 година — 622
617. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 61/89 од 12 јули 1989 година — 623
618. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 69/89 од 28 јуни 1989 година — 623
619. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 96/89 од 5 јули 1989 година — — 624
620. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 104/89 од 12 јули 1989 година — 624
621. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 104/89 од 12 јули 1989 година — 625
622. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 184/88 од 12 јули 1989 година — 626
623. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 287/85 од 12 јули 1989 година — 626
624. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 187/88 од 8 јули 1989 година — 627

**Општествени договори и самоуправни спогодби**

275. Договор за издавање доплатна марка „I конгрес на УСАОЈ во Бихаќ“ — — — 628
276. Договор за единствениот надоместок за патишта и условите и начинот на користење на тој надоместок — — — — — 628

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

277. Одлука за измена на Одлуката за воведување на висината на посебниот надомест за употреба на делниците од автопатот Куманово — Титов Велес за возилата регистрирани во СФРЈ — — — — — — 629
278. Одлука за престанок на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување во Скопје — — — — — — 630

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје. ул. „Васил Ѓоргов“ бб. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**